# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2025

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ДЕЛОТО НА АНТЕ ПОПОВСКИ АНТЕВО ПЕРО СКОПЈЕ

Здружение за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО

АНТЕВО ПЕРО

Скопје

ФЕВРУАРИ 2026 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

ЗА НАС...................................................... 3

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ .............4

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2025 ГОДИНА........... 5

# ЗА НАС

Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски  АНТЕВО ПЕРО Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец Анте Поповски. Здружението е основано на 22.03.2022 година, а на 20.04.2022 е впишано и во Регистарот на здруженија и сојузи.

**Нашата визија:**АНТЕВО ПЕРО е граѓанска организацијакоја на национално и интернационалнониво самостојно или пак во партнерство и соработка со заинтересираните граѓани, АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ во општеството и пошироко, организира и ќе организира настани на кои се негува, чува и промовира делото на поетот, есеист и културен деец, академик Анте Поповски.

**Нашата мисија е**: промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец, Анте Поповски.
Стратешки цели на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски  АНТЕВО ПЕРО  Скопје се:

- организација на Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“;
- поддршка, промоција и афирмација на млади и талентирани автори;
- воспоставување соработка со институции, организации, здруженија и други фондации и асоцијации од земјата и странство.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје во моментот го сочинуваат 5-мина негови основачи и двајца други членови од различни професии. Здружението е раководено од претседател, а во реализација на активностите и содржините пред се во рамките на „Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“ за 2025 година, беа вклучени осум млади волонтери, други соработници од редот на поранешниот организациски одбор на оваа манифестација, но и истакнати личности од сферата на културата и образованието.

**Начин на функционирање, вредности и принципи на работа:**
- Интегритет на Здружението, демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на членовите на Здружението и ангажираните соработнци;
- професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности;
- информираност;
- организирање и вклучување на младите;
-транспарентност;
- соработка со институциите, организациите, установите, манифестациите и фестивалите од областа на литературата и културата;
- градење партнерства и соработка со други организации, заради остварување на заеднички цели.

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Ја имам таа привилегија четири години да бидам на чело на едно Здружение кое функционира и работи во духот на заедништвото и сплотеноста, Здружение чии што членови низ натпревар на идеи и предлози, доаѓаат до решение за тоа како на најдобар, но и најевтин начин да се реализираат зацртаните содржини, без таквиот пристап да се одрази или влијае на нивниот квалитет и ефективност.

Годината што е зад нас донесе многу предизвици, но и нови успеси на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО, кои во продолжение со задоволство Ви ги претставуваме. Краткиот преглед и рекапитулацијата на поголемиот дел од она што лани го реализиравме, е најдобриот доказ дека интензивната работа на членовите на Здружението од година во година дава се поголеми резултати, и дека најповиканите општествени институции се повеќе веруваат во исправноста на нашите политики. Начелата врз кои се темелеше работата на Здружението беа: независност, јавност и транспарентност и пред се иницијативи во културниот живот.

Посебно среќен, а воедно и горд сум што и одговорните во ресорното Министерство за култура и туризам беќе добро ги препознаваат вредностите и бенефитите на она што како Здружение го правиме на планот на заштита и афирмација на македонскиот етнички, јазичен и културен идентитет, преку мотивирање на творечките и креативни способности кај граѓаните и посебно меѓу младите, со развивање љубов кон творењето и пишаниот збор.

Во пресрет на идните активности на Здружението, меѓу кои и одржувањето на изборно Собрание, освен обезбедување уште подобра финансиска подлога од ресораното Министерство, интимно посакувам, досегашната добра ментална подготвеност да се носат со предизвиците и натаму да е одлика која ги краси членовите на Здружението!

**Претседател,**
**Жорж Поповски**

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2025 ГОДИНА

Во фокусот на вниманието и на делувањето на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО во 2025 година беа промоцијата, зачувувањето и афирмацијата на ликот и делото на поетот и академик Анте Поповски. Ваквите заложби, настојувања но и идеи, Здружението речиси целосно и на оригинален начин ги инкорпорираше и во програмската шема на осмото издание на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски–Антево перо“. Речиси стопостотната реализација на осмислената и зацртана габаритна и шаренолика програма и секако нејзиниот квалитет, наиде на нескриено задоволство и воодушевување кај публиката, која масовно и со нескриени емоции ги проследуваше понудените настани! Како никогаш претходно, Манифестацијата покрената во чест на македонскиот поетски великан Поповски се одвиваше континуирано, речиси до последниот ден од календарската 2025 година, што придонесе дотогашниот коректен однос и интерес на медиумите да биде уште понагласен и повоочлив. Да биде задоволството поголемо, богатството понудени содржини и умешно избраниот тајминг и место или простор за нивно презентирање и одвивање, беа и тоа како воочени од бројни познавачи на приликите во македонската литература и култура воопшто. Впрочем најдобро за тоа говорат и мноштвото нивни коментари на фејсбук профилот на Антево перо. Не штедејќи пофални зборови, а многу често и во суперлативи, меѓу другото, тие запишаа:„Браво, секоја чест, да трае и расте иницијативата и Вашата Манифестација“. Честитки за заложбите и слава на Големиот поет Анте Поповски, зашто неговата поезија остави голема трага во нашата меморија““;

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ



Здружението, „АНТЕВО ПЕРО“ своите активности во 2025 година ги започна уште на 7 март, со поетското читање насловено „Одблесоци“, со кое се одбележаа 70 години од издавањето на првата истоимена стихозбирка на Анте Поповски. Овој настан органзиран на иницијатива и во соработка со млади автори учесници на Конкурсот „Антево перо“ во изминатите години, имаше за цел да ги промовира младите автори-добитници на наградата „Антев часовник“ но и останатите учесници на дотогаш реализираните конкурси, кои беа избрани во потесните кругови на селекција за истата награда во претходните седум години. Со читање на свои творби, се претставија и тројца учесници на претходно одржаните работилници за креативно пишување, реализирани од Здружението во рамките на проектот „Поезија во фармерки“. Главна придобивка од ваквото чествување на стихозбирката „Одблесоци,“ е фактот што на едно место се собраа респектабилен број успешни млади творци со вдахновени поетски писма. Здружението АНТЕВО ПЕРО со ваквиот општопоздравен во јавноста гест и овојпат покажа дека настојува и знае да ги вреднува и промовира младите автори, чиешто време на творечки план допрва доаѓа, а кои со своите дела придонесуваат кон чувањето и негувањето на македонскиот јазик – аманет оставен од самиот Анте Поповски. Во оваа пригода, на 20 тината учесници, Здружението им подари по една книга од избраните дела на Анте Поповски. Со одбрани

зборови и со чувство на гордост им беше изразена огромна благодарност на Емануела Ковачевска Китановска и Светла Јакшиќ,  добитници на наградата „Антев часовник“ потоа на Софија Тодоровска , како и на добитнците на „Антев златник“ Пепи Стамков и Милена Сиљаноска, за нивната несебична кооперативност и покажана самоиницијативност во реализацијата на комплетниот настан. Заслужена благодарност беше изразена и до Културниот центар „Лабораториум“ за отстапениот простор.

„И надеж. И спокој и бура

и рана што најлуто боли
јас чувствувам кога го спојам

срцето мое со молив.“ Анте Поповски, „Минута“ (збирка „Одблесоци“)

## РАСПИШАН ТРАДИЦИОНАЛНИОТ КОНКУРС ЗА НЕОБЈАВЕНА ПОЕТСКА СТИХОЗБИРКА




На 2 мај, на вообичаен начин со објава во дневниот весник „Нова Македонија“, по осми пат беше распишан Конкурсот за необјавена поетска книга на македонски јазик. Со иста цел, соопштение за стартот на конкурсот, беше доставено и до останатите дневни и периодични медиуми и портали во земјата, но и до литературни клубови од Македонија и здруженија од странство,
Мноштвото од нив, со задоволство информаа и ги презентираа пропозициите и тајмингот во кој учесниците ќе можат да ги доставуваат своите поетски креации, но  и начинот на кој жири комисијата ќе ги разгледува селектира пристигнатите стихозбирки!  Независно што одзивот беше мошне добар, па слободно може да се рече и одличен,
Здружението добро знаеше дека  резултатот секогаш може да биде уште подобар. Здружението продолжи да ги потсетува творците своите поетски инспирации навреме да ги преточат во поетски книги, поради што на фејсбук профилот и веб страната на „Антево перо“ во неколку интервали повремено беа објавувани конкурсните пропозиции . Јасно  беше ставено на знаење кој се може да конкурира за престижните награди „Антево перо“, „Антев златник“ или пак „Антев часовник“ , но и дека со негувањето на македонскиот јазик  на најдобар можен начин ќе се чува и штити македонскиот идентитет! Радува сознанието дека ваквиот пристап се покажа како прилично делотворен, бидејќи одделни творци, пред се оние кои живеат во странство, за Конкурсот и роковите се информирале со извесно задоцнување и тоа благодарение на повторените објави на платформата Антево перо!

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТРИ ДРУГИ ГОДИШНИНИ /ЈУБИЛЕИ ОД ОБЈАВАТА НА АНТЕВИТЕ ДЕЛА

На 3 јуни на денот кога е роден Анте Поповски, Здружението ги обзнани активностите и тајминзите со кои ќе се одбележат годишнините, односно јубилеите од излегувањето од печат на 4 дела од поетско-есеистичкото Антево творештво. По повод седумдесет годишнината од појавувањето на Анте Поповски на книжевната сцена со збирката „Одблесоци“, а во чест на која беше организирано и поетско читање за кое во почетокот на Извештајот веќе информиравме, беа осмислени и изготвени  плакати и визуелни дизајни со инсертирани песни

од книгата. На еден од нив, беше запишано уште и дека „ Првата збирка поезија го наговестува поетскиот вруток кој и во самите почетоци ја ставаат песната на почесно место и таа ars poetica, тој однос кон песната ќе остане еден од најважните елементи на антевата песна“.
На 30 јуни на фејсбук профилот на Антево перо, осамна визуелното решение од корицата на првата збирка есеи од Анте Поповски „Глас од дамнината: кон поетиката на македонските средновековни црковни записи“. Потсетувајќи дека овој труд е публикуван пред 40 години, читателите како допојаснување можеа да ги прочитаат и следните придружни напомени „ Со објавувањето на оваа книга, Анте Поповски се поставува високо на есеистичката сцена, давајќи поинакво светло на неговата творечка мисла и свртувајќи го вниманието кон темите кои нему му се блиски. Есеите на Анте Поповски се надополнување на неговата поетика и многу често се претопуваат едно во друго. Таа синергија на поезијата и есејот создаваат интересно и необично четиво и се поттик за идните творци“.




Пригодно чествување беше организирано и за Антевата збирка „Провиденија“, од чие што излегување од печат во 2025 година се навршија 30 години. За таа цел, на 14 јули на фејсбук профилот на Антево перо, беше објавено специјално подготвеното ликовно-графичкото решение од корицата на книгата, на која умешно и симпатично е инсертирана песната „Скали од метафори“.Длабокиот интимизам на оваа поезија е значајна инспирација и за читателите и за творците на поетското писмо. Оваа збирка е своевидна кулминација на творештвото на Поповски, или како што ќе запише поетот и литературен критичар, Бранко Цветкоски: „зенитот на лирскиот код кај Анте Поповски настапува со книгата „Провиденија". Поезијата од оваа фаза длабоко задира во битието на поетот кој со своето писмо, составено од мората и чудењето на сета човекова и национална историја, слегува во провевот на збиднатите и недотолкуваните события на цивилизациското писмо и од просеаната интимна тревога пред помислата за житејското скончание, слегува со својата благост и мисловна острина, се спушта со трпкавата размисла којашто секогаш и секого крепи - „да, таков, безбели, е целиот човеков помин под ѕвездите".




Седумнаесетти август беше денот кога како последен во низата јубилеи пригодно беше одбележана 50 годишнината од објавувањето на поетовата збирка „Тајнопис“. Во чест на делото на великиот Анте Поповски, Здружението во соработка со Europe House Струга во прекрасниот амбиентален простор на оваа асоцијација, приреди незаборавна поетска вечер под наслов „Тајнопис“. Овој културен настан се случи пред полно гледалиште и мина во прекрасна атмосфера исполнета со силни емоции..
Вечерта беше отворена со видео запис со гласот на академик Анте Поповски, што потсети на богатството на неговиот збор и творештво, по што пред присутните беше прочитан и пригоден текст од поетот Славе Ѓорѓо Димоски за стихозбирката „Тајнопис“, која

според овој знаменит македонски автор е едно од најзначајните дела во македонската книжевност и остави длабока трага во современата поетика.



Овој празник на убавиот поетски збор беше дополнително збогатен и со жив настап на дванаесет македонски поети од неколку генерации, кои со по две свои творби на најдобар можен начин покажаа почит на ликот, но пред сѐ грамадното творештво на Поповски. Во две поетски сесии со свои песни се претставија македонските поети: Мирко Томовски, Миладин Угреновиќ Мидвес, Димче Шипинкаровски, Марина Икономова Шокева, Зоран Јакимоски, Митре Манговски Радождански, Емануела Ковачевска Китановска, Светла Јакшиќ, Вероника Димоска, Ива Шајноска, Верица Мукоска и Мила Коруновска.
Освен инсертирани песни како и за другите претходно споменати стихозбирки, за поетската вечер во Струга беше подготвен и одделен дизајн/плакат, како и програма која беше поделена на присутните посетители!

## СЕДУМДЕСЕТ СТИХОЗБИРКИ КОНКУРИРАА ЗА НАГРАДАТА „АНТЕВО ПЕРО“ 2025

Воспоставената плодна и зачестена комуникација со здруженијата и клубовите во кои членуваат македонските поети од земјата и светот, како и коректниот однос на медиумите, резултираше со дополнителна афирмација на Конкурсот. Во предвидениот рок беа доставени 70 поетски збирки кои имаат особена автентичност, мултидисциплинарен пристап и креативност во креирањето на поетскиот израз од автори од Северна Македонија, Австралија, Србија, Германија, Белгија, Руската Федерација и Шпанија. Здружението особено се гордее, затоа што наградата „Антево перо“ и името и творештвото на Анте Поповски и овојпат беа вистински магнет учество да земат и автори од други етнички заедници, но и затоа што пораката која се испраќа преку конкурсот, допира и до творците кои се остваруваат на македонски јазик, а живеат во странство! .,

На својот прв состанок по завршувањето на Конкурсот, Жири-комисијата во состав: проф. д-р Весна Мојсова Чепишевска (претседател), д-р Атина Цветаноска и Жорж Поповски (членови), темелно ги разгледуваше и анализираше пристигнатите збирки. По плодната дискусија, жирито одлучи во поширок избор за наградата „Антево перо да продолжат 15 поетски збирки и тоа: Мимоза Рајл – „Кој ги пали сите ѕвезди“, Емељ Туна – „Пу, пу не важи“, Анета Велкоска Ода – „Каде се пресоблекува непостојаниот збор“, Чедомир Б. Шопкиќ – „Ламба во темнината“, Ана Стојаноска – „Немирна“, Оливера Андоноска – „Ние сме Ева“, Елизабета К. Питулкова – „Безвремено постоење“, Владо Поповски – „Под некое друго небо“, Сефер Рамиз Рамче – „Пепел на љубовта“, Олга Панкина – „Тапан на пат“, Владо Јаневски – „Молкозбор“, Шифра: Живот во засек – „Женопојки, митопојки“, Слаѓана Ставрева – „И ѕуниците имаат корен“, Кирил Ангелов – „Твоја, Таговина„ и Ирена Бабамова Стојчева – „Дарум EST“.

Жири-комисијата со особено задоволство и внимание го проследи и учеството на младите автори, кои со своите поетски квалитети создадоа мошне силна конкуренција. Во поширок избор за наградата „Антев часовник“, која се доделува на млад автор за поетско творештво на македонски јазик со забележителни поетски квалитети, жири-комисијата издвои 7 збирки поезија и тоа: Ива Шајноска – „Збирка“, Вероника Димоска – „Омеѓување“, Костадин

Узунов – „Гравитација кон Индомина“, Софија Тодороска – „Првото утро на цутарот“, Николина Савеска – „Патот кон себе“, Александар Кутлешовски – „Потписот на срцето“ и Мартина Костадиноска – „Митови и магови“.

Во соопштението објавено на 15 август беше наведено дека на своето второ заседание Жири комисијата како поетски книги кои се издвојуваат по својот квалитет селектирала 8 збирки тоа: Мимоза Рајл – „Кој ги пали сите ѕвезди“, ЕмељТуна–„Пу, пу не важи“, Анета Велкоска Ода – „Каде се пресоблекува непостојаниот збор“,Оливера Андоноска – „Ние сме Ева“, Владо Поповски – „Под некое друго небо“, Владо Јаневски – „Молкозбор“, Шифра: Живот во засек – „Женопојки, митопојки“ и Кирил Ангелов – „Твоја, Таговина“.

Во потесен избор за наградата „Антев часовник“, која се доделува со цел откривање и афирмација на нови млади талентирани поети кои творат на македонски јазик и е потстрек за нивното творештво, стручната комисија ги номинираше следните 5 збирки: Ива Шајноска – „Збирка“, Вероника Димоска – „Омеѓување“, Костадин Узунов – „Гравитација кон Индомина“, Софија Тодороска – „Првото утро на цутарот“ и Николина Савеска – „Патот кон себе“.




На третиот и последен состанок пред да се произнесе кому ќе му припаднат наградите, жири комисијата имаше уште потешка задача да направи конечна селекција на најдобрите поетски дела кои се издвоија со својата автентичност, сензибилитет и поетски карактеристики. По темелно разгледување на естетските валери и вредности на секоја од осумте стихозбирки и по завршните дискусии на членовите, Комисијата на 20 август ја соопшти својата едногласно донесена одлука наградата „Антево Перо“ за 2025 година да ѝ припадне на стихозбирката „Ние сме Ева“ од Оливера Андоноска.

Традиционалната награда „Антев златник“, комисијата одлучи да им припадне на: Анета Велкоска Ода, за збирката „Каде се пресоблекува непостојниот збор“ и Владо Јаневски за збирката „Молкозбор“.

Со должно внимание и задоволство, Жирито дискутираше и за петте стихозбирки кои влегоа во потесен избор за наградата „Антев часовник“, што се доделува со цел откривање и афирмација на нови, млади, талентирани поети кои творат на македонски јазик Комисијата констатира дека е фасцинантно поетското писмо на младите поети кои со нивниот поетски потенцијал, талент и голем осет за поезија, креираат текстови кои ги оставаат читателите занемени. Комисијата имаше тешка задача да одбере само една збирка која ќе биде наградена и донесе одлука наградата „Антев часовник“ за 2025 година да биде доделена на двајца млади поети и тоа: Софија Тодороска за поетското сочинение „Првото утро на цутарот“ и Вероника Димоска за збирката песни „Омеѓување“.

## ИЗДАДЕНА ПОБЕДНИЧКАТА ПОЕТСКА ЗБИРКА „НИЕ СМЕ ЕВА“, ОД ОЛИВЕРА АНДОНОСКА




По прогласувањето за добитник на наградата „Антево перо“, електронската верзија на победничката поетска збирка „Ние сме Ева“ за 2025 година, од поетесата Оливера Андоноска, беше доставена до издавачкиот центар ТРИ, за да биде отпечатен целиот договорен тираж, согласно конкурсните пропозициијж. Првиот, односно авторскиот примерок од збирката беше издаден на 26 септември. Освен за блескавото писмо кое и возможи да ја понесе престижната поетска награда востановена во чест на Анте Поповски, поетесата Оливера Андоноска е заслужна што меѓу кориците на оваа збирка се поместени и неколку визуелно-дизајнерски инсталации, кои дополнително ја чинат нејзината книга повпечатлива и на естетски план, но и помодерна! Целиот издавачки зафат кој овозможи збогатување на специјалната едиција наградени автори и претставува вистинско освежување на македонското поетско-книжевно небо, Здружението го реализира во соработка, односно со финансиска поддршка од Министерството за култура и туризам.




Напоредно со овој издавачки чин, течеше и изработката од страна на ДОО „Дијаг“ на „Антевите златници“ , Плакетата за победникот на Конкурсот, но и луксузни благодарнци наменети за соработници, кои искрено и здушно го помагаат афирмирањето и растот на Манифестацијата и чествувањето на делото на Анте Поповски, воопшто! По заокружувањето на овие формалности од техничка природа, Централниот настан на осмото издание на Манифестацијата „Антево перо“ беше закажан за 1 октомври, датум на кој се упокои Анте Поповски

## СВЕЧЕНО ДОДЕЛЕНИ НА НАГРАДИТЕ „АНТЕВО ПЕРО“ ЗА 2025 ГОДИНА







Неповторливиот амбиентален простор на Музејот на македонската борба за самостојност во Скопје, на 1 октомври 2025 година, беше средиштето каде се случи и се одвиваше Централната содржина во рамките на осмото издание на меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски – Антево перо“.
Настанот беше отворен со гласот и поезијата на Анте Поповски, а беше прочитана и пораката од Јована Јаневска Ристовска која ја напиша песната „Непрочитано писмо“ од Анте Поповски на карпа во Матка. Со свој осврт, на присутните, потоа им се обрати модераторот магистер Александра Јуруковска, која со особен пиетет се осврна на поетскиот израз на Анте Поповски и ги презентираше најважните карактеристики кои му дадоа белег на годинешниот конкурс.
Во име на жири-комисијата, се обрати д-р Атина Цветаноска, која пред присутните ги презентираше кратките рецензии за сите наградени збирки, а со искрени и емотивни говори се обратија и добитниците на наградите: Оливера Андоноска, Анета Велкоска Ода, Софија Тодороска и Вероника Димоска. Билјана Костова, од Агенцијата за иселеништво, се обрати во име на Владо Јаневски, добитник на наградата Антев златник“, кој живее во Австралија. На задоволство на присутните сите наградени автори презентираа и дел од нивните песни.



За посветеноста и поддршката на Манифестацијата, на Љупчо Димовски, Заменик претседател на Владата за политички систем и на Снежана Димовска од Македонското радио им беа доделени пригодни благодарници.
По претставувањето на поезијата од Владо Поповски, Емељ Туна и Кирил Ангелов, кои освен наградените, исто така беа селектирани во потесниот избор и конкуренција за наградите, пред полното гледалиште се обратија синовите на Анте Поповски, Жорж и Александар. Заблагодарувајќи се за учеството на присутните автори, на сите останати учесници на Конкурсот и секако на многубројната публика за присуството на овој поетски празник, тие накусо ги презентираа бројните активности, кои се одвиваа речиси низ целата извештајна година и дадоа белег на Манифестацијата.
Во неврзаниот разговор по врачувањето на наградите, во коментарите на фејс бук профилот на Антево перо, како и на официјалниот мејл на Здружението- дел од присутните кои присуствуваа на Централниот настан на Манифестацијата, ги изговорија или запишаа и следниве коментари: „Ноќ за паметење - нека се слави поезијата и нека ѕвони вечно Антевото слово“; 2Преубав настан и спомен, светилник и причина за гордост што со овие прекрасни луѓе го живеам и споделувам истото чувство“, “Анте наш-судбата Ве зела ,но нам поклон-врутокот Ваш остана, продолжи да тече ,на Вас- спомнува“; Рој благослови и успеси и .благодарност до организаторите и публиката за прекрасната атмосфера исполнета со поезија и емоции“; „Нека е вечен нашиот Анте, бардот на убавиот збор“; „Анте Поповски- неисцрпен извор на инспирација во секој животен смисол“; „Нека се слави нашиот Голем Анте Поповски и збогатува македонската поетско културна историја“; „Одлично, така се брани јазикот“!

## ПРОДОЛЖИ ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ПОЕТОВАТА ОСТАВНИНА

Обемноста на проектот за дигитализација на оставнината на Анте Поповски наложи потфатот да продолжи и во годината што е зад нас .Со несмалено темпо течеше втората фаза од дигитализацијата, со која беа опфатени вкупно три книги , главно есеи од избраните дела на поетот, одделни други ракописи, и објавени но и необјавени материјали од некнижниот фонд. Пред крајот на 2025 година беше заокружен годинешниот потфат на дигитализирање со кој беа опфатени книгите „Зошто зборуваш за умирање“, Јазик за земјата и небото“ и „Окото

светлините“, по што и нивните дигитални верзии беа поставени на веб страницата antepopovski.org
Здружението искажа готовност овие книги, да ги отстапи на користење на Библиотеката „Браќа Миладиновци“, со цел дополнително да се збогати дигиталниот простор а пред се дигиталната коелкција на дела од Анте Поповски. На овој начин ќе се придонесе за поголема видливост и полесен пристап до творештвото на овој истакнат македонски деец.

## ПОДНЕСЕНА ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНИОТ КОНКУРС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ МАНИФЕСТАЦИИ И ФЕСТИВАЛИ

Непосредно по распишувањето од страна на ресорното Министерство за култура и туризам, на Годишниот конкурс за финансирање манифестации и фестивали од национален интерес во културата, Здружението ја осмисли, изготви и согласно дадените упатства на 26 октомври, ја поднесе Пријавата за учество на Конкурсот. Покрај распишувањето и реализацијата на деветиот по ред традиционален конкурс за најдобра необјавена поетска книга на македонски јазик, белег на програмата која ќе се одвива во 2026 година ќе и дадат и активностите со кои ќе се одбележи значајниот јубилеј– 95 години од раѓањето на Анте Поповски,при што четиридневното чествување ќе започне на денот на поетовиот роденден – 3 јуни . Освен пригоден Омаж збогатен со артистичка интерпретација на песни или извадици од есеи на Поповски ,како и осврт на одличен познавач на ангажманот на Поповски во сферата на филмот), предвидена е и тематска изложба на плакати и фотографии, како и проекција на филмскиот фонд од вкупно 10 филмски оcварувања за кои, Анте Поповски е автор на сценаријата или е продуцент. Нивната проекција, според планираното, би требало да се одвива во Кинотеката на Македонија во текот на четири дена, во два вечерни термина. Идејата и целта на Здружението е со таквиот пристап и со наведените содржини да се сврти вниманието на јавноста и кон една поинаква страна на творештвото на овој истакнат деец. Реализацијата на овој комплексен содржински минипроект, ќе овозможи сите заинтересирани да се запознаат со оваа негова дејност и со неговиот придонес за севкупниот развој на македонската филмска уметност. Ова и оттаму што документарниот филм „Дае“, како прв номиниран филм за Оскар од Македонија е работен по сценарио на Анте Поповски.

Обемната и вредна литературна граѓа на Поповски, беше и главниот повод во 2026 година да се продолжи со третата фаза на дигитализацијата на преостанатите книги, есеи и други материјали или ракописи кои се дел од поетовата оставнина, со што ќе се овозможи нивно трајно зачувување, но и полесен пристап до нив. Оваа активност недвојбено ќе придонесе за популаризација, проучување и повторно актуелизирање на Антевото дело.
Со должно внимание секако ќе биде осмислена и Агендата на Централниот настан кој ќе се случи некаде на крајот од септември и октомври, кога на најуспешните автори на Конкурсот ќе им бидат врачени традиционалните награди „Антево перо“, „Антев златник“ и „Антев часовник“.
Дел од деветото издание на Манифестацијата ќе биде реализиран во живописното родно село на Поповски- Лазарополе, каде пќе се одржи оетско читање ќе биде посетена богатата библиотека во спомен куќата на Анте Поповски, селската црква и паркот на поезијата, каде се наоѓаат и спомен бистите на Кочо Рацин, Симон Дракул и Анте Поповски!
Здружението ќе биде активно и на меѓународен план, а приоритетни ќе ббидат заложбите за доближување на дел од поетското писмо на Поповски и до љубителите на поезијата во странство и тамошната критичка јавност, преку приопштување, во вид на превод или препев на одделни наслови од неговото творештво на светски или некој друг странски јазик!
Првиот исчекор во овој правец веќе беше направен со активната соработка и партиципирање на Здружението во подготовката на необично мултимедијално предавање кое на 11 декември 2025 година, во Осиек, Хрватска го одржа професорката на тамошниот Евангелско теолошки

универзитет Јулијана Младеновска Тешија. Како основа за предавањето, таа ја зеде Првата песна од импозантната збирка „Света песна“, а потоа направи и одличен препев на хрватски јазик на оваа песна,. Тоа самопо себе радува, бидејќи  до сега, за оваа поетска книга не е правен препев на ниту еден јазик.

## РЕАЛИЗИРАНИ МЕДИУМСКИ АКТИВНОСТИ

По повод отпочнувањето на активностите на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски-АНТЕВО ПЕРО за 2025 година со поетското читање „Одблесоци“ на 7 март во утринската емисија „Ја сакам Македонија“ на телевизија Сител гостуваше Александар Поповски, син на поетот Анте Поповски, Откако изрази голема благодарност за отстапеното време и простор, тој детално ги образложи содржините и ги соопшти имињата на учесниците на претстојното поетско читање  во културниот центар „Лабораториум. Дополнително се осврна и на ударните настани кои ќе следат  во продолжение на осмото издание на Меѓународната поетско културна манифетсација „Анте Поповски-Антево Перо“..
Должно внимание медиумите посветија пред се и на тримесечното одвивање на Конкурсот за необјавена збирка поезија на македонски јазик, при што освен емитување или публикување на соопштенијата доставени од Здружението, подготвуваа и прикажуваа и сопствени прилози. Можностите кои ги нудат современите технолошки и социјални мрежи и интернетот, овозможија на десетици објави врзани за активностите на Здружението и Манифестацијата „Антево перо“ да стигнат до многу љубители на пишаниот збор или клтурните збиднувања воопшто, ширум светот. Во популаризацијата на Манифестацијата и содржините кои ја одбележаа извештајната година, природно предничеа фјсбук профилот и веб страната на „Антево перо“, но драгоцен придонес во популаризацијата на ликот и делото на Анте Поповски и на Манифестацијата организирана во негова чест,  несебично даваа и повеќе литературни клубови и здруженија во земјава, но и странство, преку објави на разни информации, песни од наградеите автори и од Анте Поповски и слично.



## СОРАБОТКА НА ПОДГОТОВКА НА МУЛТИМЕДИЈАЛНО ПРЕДАВАЊЕ ВО ХРВАТСКА

На меѓународен план, приоритетни беа заложбите на Здружението за доближување на дел од поетското писмо на Поповски и до љубителите на поезијата во странство и тамошната критичка јавност, преку приопштување, во вид на превод или препев на одделни наслови од неговото творештво на светски или некој друг странски јазик!
Првиот исчекор во овој правец беше направен, преку активната соработка и партиципација на Здружението во подготовката на необичното мултимедијално предавање кое на 11 декември 2025 година, во Осиек, Хрватска, го одржа професорката на тамошниот Евангелско теолошки универзитет Јулијана Младеновска Тешија. Како основа за предавањето, таа ја зеде Првата песна од импозантната збирка „Света песна“, а потоа направи и одличен препев на хрватски јазик на оваа песна,што само треба да радува, бидејќи  до сега, за оваа поетска книга не е правен препев на ниту еден јазик.




Здружението е убедено дека овој мал препеан сегмент од Антевата Света песна, која е речиси непозната за пошироката јавност дури и во земјава, ќе биде еден вид почеток на приопштувањето на повеќе содржини од ова грандиозно дело!
Поттикнато од овој настан, Здружението веќе се зафати со проучување на можностите под кои би можело да конкурира, добие и да искористи дел од стредствата на одделни странски фондации кои издвојуваат средства за поттикнување на љубовта кон убавиот пишан збор.

**Адреса/Седиште**
**Ул. „Народен фронт“ 5-10, 1000 Скопје**
**Телефон: 074/220-889**
**Web: www.antepopovski.org**
**e-mail: zdruzenieantevopero@gmail.com**

Здружение за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО

АНТЕВО ПЕРО

Скопје